Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, член 41 и член 47 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19) и член 51 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 06.11.2024 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС

За претседател на Основен суд Велес е избрана:

**Валентина Ѓорѓиевска -** судија на Основен суд Велес

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## *Образложение*

Судскиот совет на Република Северна Македонија објави оглас за избор на претседател на Основен суд Велес („Службен весник на РСМ“ бр. 234/23 од 07.11.2023 година).

На објавениот оглас за избор на претседател на Основен суд Велес се пријавиле 3 (тројца) кандидати кои ги исполнуваат условите согласно законот, но еден кандидат ја повлекол пријавата за избор на претседтаел на Основен суд Велес.

Постапката за избор на претседател на Основен суд Велес Советот ја спроведе согласно Законот за судовите, Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Согласно Правилникот за начинот на

формирање на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Комисијата, Советот формира Комисија која изврши проверка на исполнетост на условите и критериумите на пријавените кандидати за избор на претседател на суд и ги разгледа доставените програми за работа и акциските планови на кандидатите по објавениот оглас за претседател на Основен суд Велес. Спроведен е и положен е психолошкиот тест и тестот на интегритет, спроведено е и интервју со кандидатите, а согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл. Весник на РМ“ бр.150/10) за кандидатите кои се избрани за судии пред 26.11.2010 година не се спроведува проверка на практична работа со компјутери, поради што ваква проверка за кандидатите не е спроведена.

Комисијата формирана од страна на Судскиот совет на РСМ по спроведена постапка согласно Правилникот за начинот на формирање на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Комисијата, изготви извештај со предлог листа на кандидати:

**ПРЕДЛОГ ЛИСТА**
**НА КАНДИДАТИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС**

| | Име и презиме | Суд во кој ја извршува функцијата | Судиски стаж | Оценка на работата за период 2019-2022 година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ВАЛЕНТИНА ЃОРЃИЕВСКА | ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС | 15 години,6 месеци и 15 дена | 200 бода |
| 2 | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС | 27 години, 4 месеци и 24 дена | 187 бода |

Согласно член 51 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е предвидено дека Советот избира претседател на суд од пријавените кандидати судии на оглас за избор на претседтаел на суд со најмалку осум членови на Советот со право на глас.

На седницата одржана на ден 06.11.2024 година, Судскиот совет расправаше по однос на кандидатите за избор на претседател на суд и членовите на Советот се произнесоа за причините поради кои го даваат својот глас, а кои се нотирани во записникот од погоре наведената седница, по што Советот гласаше редоследно по ранг-листата.

Првиот кандидат од ранг листата Валентина Ѓорѓиевска со 13 гласа -„За" го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас, согласно член 51 став 1 од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Секој член на Советот со право на глас, даде образложение за својата одлука за избор на претседател на суд како што е предвидено во член 51 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Кандидатот Валентина Ѓорѓиевска има вкупен судиски стаж од 15 години, 6 месеци и 15 дена до денот на пријавувањето на огласот. Како судија работела на граѓанска и кривична материја. Од образложенијата дадени од членовите на Советот произлегува дека се работи за судија со стручни и професионални квалитети, со добар углед, интегритет, долгогодишно искуство и потврдени резултати и мерливи критериуми во работењето што е потврдено и со бодувањето при оценувањето каде судијата има 200 бода и е прворангирана на ранг листата на кандидати за избор на претседтаел на Основен суд Велес, односно истата има максумум бодови предвидени со законот, во последниот период постапувала по кривични предмети кои бараат поголема и особена посветеност, има долгогодишно искуство кое би го пренела и би имала придонес за успешно манаџирање и работење во судот, конкретно во Основниот суд Велес, а во Програмата за работа и Акцискиот план се дадени активности и задачи заради зголемување на ефикасноста и ажурноста на судот со временски рамки за извршување на предвидените активности и задачи, а е со цел за поуспешно работење и менаџирање на судот во целина.

Имајќи го предвид наведеното Судскиот совет за претседател на Основен суд Велес го избра кандидатот Валентина Ѓорѓиевска-судија на Основен суд Велес.

**Бр. 09-2138/1**
**07.11.2024 година**
**С К О П Ј Е**

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Весна Дамева**